Влада на Република Северна Македонија
**Генерален секретаријат**

Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut
**Sekretariati i përgjithshëm**

# Извештај за напредокот во спроведувањето на Акцискиот план за спроведување на Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество 2022 – 2024 и постигнување на стратешките и оперативните цели во 2022 година

Скопје, март 2023 година

# 1. Вовед

Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество, со Акциски план 2022-2024 е усвоена на 130-та седница на Владата, одржана на 28.12.2021 година. Истата е резултат на препознаената потреба за унапредување на механизмите за соработка со граѓанското општество и градење на континуиран, транспарентен и целосно инклузивен дијалог во процесот на креирање и спроведување на политиките. Мерките што се преземаат со оваа стратегија на институционално ниво се насочени, меѓу другото, и кон одржување на континуитетот во работата на независен, репрезентативен, оперативен и ефективен Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество и за подобрување на практиките за комуникација и соработка со граѓанските организации. Со цел унапредување на околината во која работи и се развива граѓанското општество, Советот е препознаен како двигател на воспоставувањето структурен дијалог со граѓанското општество и креирањето модел за учество на граѓанските организации во преговарачката ЕУ структура на земјата. Стратегијата ги утврдува клучните приоритети и разработува активности насочени кон унапредување на правната рамка за граѓанските организации; зајакнување на институционалната рамка и практиките на соработка помеѓу Владата и органите на државната управа и граѓанските организации; воспоставување даночна рамка којашто одговара на спецификите на работењето на граѓанските организации и го овозможува нивниот развој, како и унапредување на системот на државно финансирање на граѓанските организации.

Мерките во овој стратешки документ се систематизирани во три области: Нормативна, институционална и финансиска рамка за развој на граѓанскиот сектор; Демократизација, активно учество на граѓанскиот сектор во општествените процеси, во креирањето и следењето на политиките, со посебен фокус на процесот на интеграција во Европската Унија и Граѓанскиот сектор како чинител во социјално-економскиот развој.

Предмет на овој извештај е утврдување на напредокот во спроведувањето на Акцискиот план, преку постигнување на стратешките и оперативните цели и реализираните активности предвидени во 2022 година. Анализирани се вкупно 81 активност, врз основа на податоци, информации и документи добиени од членовите на Мрежата државни службеници за соработка со граѓанскиот сектор од министерствата и другите органи на државната управа кои се одговорни за спроведување на конкретните мерки во Стратегијата и анализа на одговорите на 296 граѓански организации од 16 различни области на дејствување од online анкета спроведена во периодот 10-31.1.2023 година преку Прашалник за мерење на вредноста на индикаторите од Акцискиот план на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество (2022-2024) дистрибуиран до сите граѓански организации со статус „активен“ (вкупно 8.111) според Отворените податоци на Централниот регистар на Република Северна Македонија[1].

[1] https://www.crm.com.mk/mk/otvoreni-podatotsi/gragjanski-organizatsii

На 1.3.2023 година Нацрт-Извештајот за напредокот во спроведувањето на Акцискиот план за спроведување на Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество 2022 – 2024 и постигнување на стратешките и оперативните цели во 2022 година беше доставен на мислење до Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество и беше објавен на веб страницата на Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата www.nvosorabotka.gov.mk за консултации со граѓанските организации во периодот 1-20.3.2023 година, а во соработка со Граѓанскиот ресурсен центар во периодот 14-16.3.2023 година се одржаа три консултативни средби со граѓански организации во Гостивар, Скопје и Штип. Учесниците на консултативните средби го оценија Извештајот за објективен и реален и препорачаа да се обезбеди функционалност на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество.

## 1.1. Карактеристики на граѓанското општество

Според статистичкиот билтен - отворени податоци на Централниот регистар на Република Северна Македонија[2], во групата на организационен облик 10.0 Општествени организации, фондации и здружение на граѓани, во 2022 година се евидентирани вкупно 14.775 организации, од кои 14.560 здруженија (502 социјално хуманитарни здруженија, 3.472 спортски здруженија, 525 културни здруженија, 480 професионални (струкови) здруженија, 190 еколошки здруженија и 9.391 останати организации) и 215 фондации. Во текот на 2022 година, Централниот регистар на извршил уписи на основање на 723 граѓански организации, 3.832 уписи на промени и 119 уписи на бришење од Регистарот.

Графикон 1: Структура на граѓанското општество во 2022 година според група на организационен облик 10.0




Според приоритетната дејност/шифра, 10.217 организации (69.1%) се евидентирани во услужни дејности, 3.939 организации (27%) во уметност, забава и

2 https://www.crm.com.mk/mk/otvoreni-podatotsi/statistichki-bilten?t=0&v=0&y=2022&ortg=14

рекреација, 228 организации (1.5%) во дејности на здравствена и социјална заштита, 139 организации (0.9%) во образование, 76 организации (0.5%) во земјоделство, шумарство и рибарство и 55 организации (0.4%) во стручни, научни и технички дејности. Во останатите дејности предвидени со класификацијата на Централниот регистар се евидентирани 0,6% од организациите.

Графикон 2: Структура на граѓанското општество во 2022 година според приоритетна шифра/дејност




Во однос на регионалната застапеност на граѓанските организации во државата, во 2022 година од вкупно 14.775 организации, 6.213 (42.1%) организации имаат седиште во Скопски плански регион, 1.914 организации (13%) во Пелагониски, 1.338 организации (9%) во Југозападен, 1.244 организации (8.4%) во Полошки, 1.073 организации (7.3%) во Источен, 1.126 организации (7.6%) во Југоисточен, 1.049 организации (7.1%) во Вардарски и 818 организации (5.5%) во Североисточен плански регион.

Графикон 3: Регионална застапеност на граѓанските организации во Република Северна Македонија во 2022 година



## 2. Резиме на постигнатите резултати по приоритетна област

Во Извештајот на Европската Комисија за Северна Македонија за 2022 година е нотирано дека „граѓанските организации продолжуваат да работат во поволна средина, потпомогнати од усвојувањето на Стратегијата за соработка со и развој на граѓанското општество 2022-2024 година. Граѓанското општество продолжи да игра важна улога во процесите на донесување одлуки и во следење на активностите на државата. Сепак, потребни се напори за подобрување на транспарентноста во креирање политики и инклузивност на консултативните процеси. Правната и финансиската рамка сè уште треба да се подобрат и имплементираат во пракса“.

Главна цел на Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество (2022-2024) е обезбедување на поттикнувачка и одржлива околина во која функционира и се развива граѓанското општество што овозможува динамични, независни, активни и одржливи граѓански организации коишто придонесуваат во зајакнување на демократското управување, ги рефлектираат интересите и потребите на граѓаните и се вклучуваат во структурен дијалог за унапредување на општеството.

Акцискиот план за спроведување на Стратегијата содржи вкупно 81 активност, од кои 61 се планирани за 2022 година. Од нив, 16 активности (26,2%) се реализирани, 17 активности (27,9%) се во тек, а 28 активности (45,9%) доцнат со реализација[3].




**Приоритетна област 1: Нормативна, институционална и финансиска рамка за развој на граѓанското општество**

Започна транспарентен и партиципативен процес на подготовка на измени на Законот за здруженија и фондации, преку јавен повик за доставување на предлози за измена на законот, учество на претставници на граѓански организации во состав на работната група и одржани четири тркалезни маси на теми: Правно препознавање на други форми на здружување, Овозможувачка околина за граѓанските организации, Организации и активности од јавен интерес и Заштитата на непрофитниот карактер. Дел од дополнувањата на овој закон се одредби на две посебни глави: Државна поддршка на организациите и Фонд за поддршка и развој на граѓанското општество, предложени од Работната група за реформа на системот на државно финансирање на граѓанските организации, формирана на иницијатива на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество. Динамиката на состаноците на работната група се

[3] Степенот на спроведување на активностите е претставен преку една од следните три категории: активноста е реализирана (активноста е започната и завршена во временската рамка за спроведување на Акцискиот план 2022-2024 година), активноста е во тек (активноста е започната и/или постигнати се дел од утврдените индикатори) и активноста доцни со реализација (активноста не е започната, иако согласно временската рамка требало да започне во 2022 година).

намали по донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за здруженија и фондации, на предлог на пратеници, во ноември 2022 година и негативното мислење на Министерството за финансии.

Централниот регистар на Република Северна Македонија значително го прошири обемот на отворени податоци за граѓански организации на интернет порталот www.crm.com.mk, а преку својот дистрибутивен систем овозможи користење на динамички извештаи за државните институции и општините.

Според анкетата за мерење на вредноста на индикаторите од Акцискиот план на Стратегијата, 50,3% од граѓанските организации го препознаваат Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество како релевантно тело за соработка и влијание во креирање на политики за развој на граѓанското општество. Два материјали на предлог на Советот беа разгледани од страна на Владата на Република Северна Македонија во 2022 година (Информација за обидите за делегитимирање на граѓанскиот сектор и штетноста на говорот на омраза и насилството врз граѓанското општество и активистите за човекови права и Информација за состојбите во однос на обезбедувањето на социјална и здравствена заштита од страна на граѓанските организации). Во соработка со проектот „Техничка поддршка за подобрување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија“ финансиран од Европската унија, изработена е брошура „Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество - ДИЈАЛОГ И ЗАЈАКНУВАЊЕ“ и промотивно видео за работата на Советот, како и предлози за Комуникациска стратегија на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество 2022-2024 и План за комуникација на Советот за 2022 година. Поради одлуката на Владата да го запре процесот на донесување на Предлог-програмата за финансирање на програмски активности на здруженијата и фондациите за 2022 година, предложена од Генералниот секретаријат и поддржана од Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество и пренасочување на средствата за оваа намена во буџетот на Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, членовите на Советот од редот на граѓанските организации одлучија да ја бојкотираат работата на ова советодавно тело, за што ја информираа јавноста преку прес-конференција на 24.3.2022 година.

**Приоритетна област 2: Демократизација, активно учество на граѓанскиот сектор во општествените процеси, во креирањето и следењето на политиките, со посебен фокус на процесот на интеграција во Европската Унија**

Воспоставен е механизам за подготовка и разгледување од страна на Владата на годишни извештаи за процесот на консултации при подготовка на предлог-закони, користење на ЕНЕР и други механизми за соработка со граѓанските организации.

Со одржувањето на Меѓувладината конференција меѓу Северна Македонија и Европската Унија на 18.7.2022 година и формалниот почеток на пристапните преговори се интензивираа консултациите со претставниците на граѓанскиот сектор со цел да се дефинираат модалитетите за нивно вклучување во овој процес. Со Одлуката за воспоставување на структурата за преговори за пристапување на Република Северна

Македонија во Европската Унија се предвидува можност за учество на граѓанските организации во работните групи за подготовка за преговарачките позиции.

Воспоставен е сеопфатен едукативен превентивен механизам против говор на омраза. Со поддршка на Македонскиот центар за граѓанско образование развиен е нов Концепт за граѓанско образование во основно образование, ревидирани се наставните програми за граѓанско образование за осмо и деветто одделение, како и наставната програма за прва година средно стручно образование, а повеќе од 450 наставници се обучени да предаваат согласно новите наставни програми. Со цел зајакнување на демократската клима, повеќе од 420 училишта спроведоа младински иницијативи, волонтерски активности и активности за граѓанско учество и ги промовираа за време на отворените денови за граѓанско образование.

На веб сајтот на Министерството за внатрешни работи поставена е апликација "Црвено копче-Red button" наменета за пријавување какви било сознанија или информации од областа на злоупотреба на деца, криминал од омраза и повикување на насилство, како и трговија со луѓе. Спроведени се 40 кампањи за превенирање на говор на омраза, а со поддршка на ОБСЕ спроведени се 4 обуки – две заеднички обуки за полициски службеници и јавни обвинители за постапување во врска со делата сторени од предрасуди / омраза и две обуки за 40 полициски службеници на тема превенција на говор од омраза и родови стереотипи кај младите.

**Приоритетна област 3: Граѓанскиот сектор како чинител во социјално-економскиот развој**

Работна група формирана од Министерство за труд и социјална политика со техничка поддршка на проектот „Поддршка на социјалните претпријатија" финансиран од ЕУ работеше на утврдување на предлог правна рамка за социјално претприемништво (Закон за социјални претпријатија), дефинирање на протокол и процедури за регулирање на основањето, работењето и поддршката на социјалните претпријатија, како и воспоставување на систем за следење на работата на социјалните претпријатија и проценка на ефектите од мерките и структурите за поддршка на социјалните претпријатија.

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за волонтерството, чија подготовка започна во 2021 година на иницијатива на граѓански организации за надминување на предизвиците од имплементацијата и понатамошен развој на волонтерските практики во државата, беше повлечен од владина постапка, поради потребата од дополнително усогласување помеѓу надлежните институции.

Започна процес на подготовка на Закон за изменување и дополнување на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, преку јавен повик на Министерството за правда до граѓанскиот сектор за доставување на предлози за измена на законот и формирање на работна група составена од претставници на надлежните институции и граѓански организации. Динамиката на работа на работната група значително се намали по одржаниот состанокот со Министерството за финансии и Управата за јавни приходи во јули 2022 година.

## 3. Преглед на постигнати резултати по приоритетни области

### Приоритетна област 1: Нормативна, институционална и финансиска рамка за развој на граѓанското општество

Во првата приоритетна област содржани се 27 активности, од кои 24 активности се предвидени за 2022 година: реализирани се 7 (29,2%) активности, 7 (29,2%) се во тек, а 10 (41,6%) активности доцнат со реализација.




**Стратешка цел 1: Унапредување на правната рамка за граѓанските организации**

Оперативна цел 1: Унапредување на правната рамка за здруженија и фондации која обезбедува гаранции за остварување на правото на слобода на здружување во согласност со меѓународните стандарди

Според Индексот на одржливост на граѓанското општество за Северна Македонија[4], оценката на правната рамка за дејствување на граѓанските организации во Република Северна Македонија за 2021 година е благо подобрена во однос на 2020 година, од 3,7 на 3,8 по усвојувањето на неколку стратегии и спроведени законски измени. Во март 2022 година започна процесот на изработка на Закон за изменување и дополнување на Законот за здруженија и фондации, од страна на работна група координирана од Министерството за правда, со вклучени претставници на Генералниот секретаријат на Владата, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за финансии, Централниот регистар на Република Северна Македонија и пет граѓански организации номинирани од Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество по спроведен јавен повик. Во периодот 11-26.04.2022 година на веб страниците www.pravda.gov.mk и www.nvosorabotka.gov.mk беше објавен Повик до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на измените на Законот, а доставените иницијативи беа разгледани од страна на работната група. Во соработка со проектот „Техничка поддршка за подобрување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија" финансиран од ЕУ, на 28.6.2022 година се одржа работилница за презентација на клучните наоди и препораки од Компаративната анализа на најдоброто законодавство на ЕУ за граѓанските

[4] Во време на подготовка на овој Извештај, Индексот на одржливост на граѓанското општество за Северна Македонија во 2022 година се уште не е подготвен. Од тие причини, како референтна вредност на показателите на влијание се користат податоци од Индексот на одржливост на граѓанското општество за Северна Македонија во 2021 година, презентиран на 16.11.2022 година од Балканската мрежа за развој на граѓанското општество
https://www.balkancsd.net/novo/wp-content/uploads/2022/11/24-8-CSOSI-%D0%98%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98-%D0%A1%D0%B5%D0%B2%D0%B5%D1%80%D0%BD%D0%B0-%D0%9C%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0-2021.pdf

организации, а на 12 и 13.12.2022 година се одржаа четири консултативни тркалезни маси со претставници на граѓански организации поврзани со Законот за здруженија и фондации (Правно препознавање на други форми на здружување, Овозможувачка околина за граѓанските организации, Организации и активности од јавен интерес и Заштитата на непрофитниот карактер). Процесот на подготовка на предлогот на закон се очекува да заврши до средината на 2023 година.

На предлог на пратеници, Собранието на Република Северна Македонија во ноември 2022 година донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за здруженија и фондации[5], со цел да се спречи повторување на ситуации на регистрација на здруженија чии називи, програми, цели, дејности и дејствувања се насочени кон поттикнување и разгорување национална, расна, верска омраза или друга нетрпеливост и нетолеранција и да се обезбеди правна заштита на уставниот поредок.

Оперативна цел 2: Овозможување бесплатен пристап до податоци за граѓански организации од Регистарот на регистрираните организации согласно Закон за здруженија и фондации во Централниот регистар на Република Северна Македонија

Централниот регистар на Република Северна Македонија, преку интернет порталот www.crm.com.mk, овозможи полесен пристап до информации и сервисно ориентиран каталог со услуги преку кој крајните корисници можат лесно да пристапат до услуги. Во менито „Отворени податоци“ - „Граѓански организации“ (https://www.crm.com.mk/mk/otvoreni-podatotsi/gragjanski-organizatsii) достапна е Листа на граѓански организации, со проширен обем на податоци кои се слободно и отворено достапни, при што покрај основните податоци за граѓанските организации (ЕМБС, ЕДБ, назив, правна форма - организационен облик), вклучени се и останати податоци, како што се: адреса и општина на седиштето на субјектот, адреса на електронска пошта, датум на основање, големина, правен статус (активен/неактивен/во постапка на утврдување на статус/избришан), претежна дејност (шифра и опис) и дополнителни информации (во стечај/во ликвидација). Централниот регистар преку сопствениот Дистрибутивен систем овозможи динамички извештаи со прилагодливи податоци да бидат достапни за државните институции и општините.

Од страна на Министерството за информатичко општество и администрација беше формирана меѓуресорска работна група за изработка на Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за користење на податоците од јавниот сектор, со цел усогласување со ЕУ Директивата за отворени податоци и ре-употреба на информации од јавниот сектор (2019/1024). Врз основа на структуриран Прашалник за користење на податоците од јавен сектор и посебни интервјуа, подготвена е Анализа на Директивата (ЕУ) 2019/1024 на Европскиот парламент и на Советот од 20 јуни 2019 година за отворени податоци и повторна употреба на информации од јавниот сектор со препораки за транспонирање. Процесот на подготовка на предлогот на закон се очекува да заврши до средината на 2023 година.

[5] „Службен весник на РСМ“ бр.239/22

**Стратешка цел 2: Зајакнување на институционалната рамка и практиките на соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија, органите на државната управа и граѓанските организации**

Оперативна цел 3: Континуирано работење на независен, репрезентативен, оперативен и ефективен Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество

Според анкетата за мерење на вредноста на индикаторите од Акцискиот план на Стратегијата, 50,3% од граѓанските организации го препознаваат Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество како релевантно тело за соработка и влијание во креирање на политики за развој на граѓанското општество, додека пак 30,7% од граѓанските организации сметаат дека Советот донесува одлуки и креира политики базирани на консултации со граѓанското општество.

Во 2022 година Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество одржа 4 седници, со вкупно 13 точки на дневен ред и разгледа вкупно 9 материјали, од кои 4 материјали на предлог на членови од редот на организациите, 1 на предлог на член од редот на органите на државна управа и 4 материјали на предлог од Генералниот секретаријат на Владата–организациона единица за соработка со граѓански организации. На веб-страницата www.nvosorabotka.gov.mk редовно се објавуваат дневните редови со материјали и записниците од седниците на Советот. Советот одржа отворена тематска седница „Граѓанските организации во обезбедување на социјална и здравствена заштита на национално и локално ниво", со учество на претставници на граѓански организации активни во оваа област, а информацијата од оваа седница беше разгледана од Владата на 55. седница одржана на 28.6.2022 година.

Со поддршка на проектот „Техничка поддршка за подобрување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија" изработена е брошура „Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество - ДИЈАЛОГ И ЗАЈАКНУВАЊЕ"[6] и промотивно видео[7] за работата на Советот, како и предлози за Комуникациска стратегија на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество 2022-2024 и План за комуникација на Советот за 2022 година. На 16 и 17.5.2022 година се одржаа две полудневни работилници „Градење позиции и постигнување консензус во работата на меѓусекторските советодавни тела", наменети за членовите на Советот од редот на вработените во органите на државна управа и за членовите од граѓанското општество.

Поради одлуката на Владата да го запре процесот на донесување на Предлог-програмата за финансирање на програмски активности на здруженијата и фондациите за 2022 година, предложена од Генералниот секретаријат и поддржана од Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество и последователното пренасочување на средствата за оваа намена во буџетот на Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, членовите на Советот од редот на граѓанските организации одлучија да ја бојкотираат работата на ова советодавно тело, за што ја информираа јавноста преку прес-конференција на 24.3.2022 година.

[6] https://www.nvosorabotka.gov.mk/sites/default/files/Brochure1%20FINAL%20Council%20MKD.pdf
[7] https://www.nvosorabotka.gov.mk/sites/default/files/Council%20Video1%20MK.mp4

Оперативна цел 4: Унапредување на знаењата и капацитетите на Мрежата на државни службеници за соработка со граѓанското општество

На 1.3.2022 година Генералниот секретаријат на Владата - организациона единица за соработка со граѓански организации организираше online состанок со членовите на Мрежата државни службеници за соработка со граѓанското општество, со цел нивно информирање за усвоената Стратегија на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество, 2022-2024 и утврдување на План за следење на спроведување на Стратегијата, преку квартални извештаи до Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество и годишни извештаи за информирање на Владата. Во текот на декември 2022 година се одржаа посебни состаноци со членови на Мрежата од Министерството за финансии, Министерството за труд и социјална заштита, Министерството за внатрешни работи и Министерството за локална самоуправа во врска со степенот на реализација на активностите од Акцискиот план во надлежност на овие министерства, а на 17.1.2023 година се одржа работилница за подготовка на годишниот извештај за спроведување на Стратегијата, согласно Упатството за структурата, содржината и начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските и мултисекторските стратегии[8].

Според анкетата за мерење на вредноста на индикаторите од Акцискиот план на Стратегијата, 89% од членовите на Мрежата на државни службеници за соработка со граѓанското општество се задоволни, а 11% се делумно задоволни од соработката и стекнатите знаења.

**Стратешка цел 3: Воспоставување даночна рамка којашто одговара на спецификите на работењето на граѓанските организации и го овозможува нивниот развој**

Оперативна цел 5: Унапредување на даночната рамка од аспект на данокот на додадена вредност согласно идентификуваните развојни потреби на граѓанските организации

Според анкетата за мерење на вредноста на индикаторите од Акцискиот план на Стратегијата, само 17,2% од граѓанските организации користеле даночни олеснувања во 2022 година. Спроведувањето на активностите од оваа оперативна цел не е започнато. Според Министерството за финансии, реализација на мерката е неприфатлива и е во спротивност со Директивите на ЕУ, бидејќи зголемувањето на листата на добра кои би се ослободиле од ДДВ ја нарушува неутралноста на овој данок, врши притисок врз зголемување на висината на општата стапка на ДДВ и ќе предизвика негативни фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

Оперативни цели 6 и 7: Унапредување на транспарентноста на финансиските активности на граѓанските организации и Подготовка на подобрена законска и подзаконска рамка за сметководството на непрофитните организации

Според анкетата за мерење на вредноста на индикаторите од Акцискиот план на Стратегијата, 55,1% од граѓанските организации во 2022 година јавно ги објавиле

[8] „Службен весник на РСМ“ бр.122/22

финансиските податоци од своето работење. Во текот на 2022 година не се преземени активности од надлежните институции за спроведување на овие оперативни цели.

**Стратешка цел 4: Унапредување на системот на државно финансирање на граѓанските организации**

Оперативна цел 8: Унапредување на моделот за финансирање на граѓанските организации од буџетот на државата

Според Индексот на одржливост на граѓанското општество за Северна Македонија финансиската одржливост на граѓанскиот сектор за 2021 година е благо влошена во однос на 2020 од 4,3 на 4,2.

Дел од активностите во оваа оперативна цел се насочени кон воведување на механизми со кои ќе се осигура дека планирањето на средствата за финансирање на граѓанските организации ќе се врши единствено преку ставката 463, а уделот на државно финансирање од централниот буџет и од буџетите на единиците на локална самоуправа, до 2024 година, ќе се зголеми на 30% (околу две милијарди денари) во вкупните приходи на граѓанските организации. Министерството за финансии континуирано настојува за зголемување на средствата наменети за финансирање на граѓанските организации, согласно расположливите можности на Буџетот. Расходите на Централниот буџет за 2022 година за ставка 463 Трансфери до невладини организации за граѓански организации се зголемени за 18% во однос на 2021 година[9]. Меѓутоа, Министерството за финансии не го поддржува начинот на утврдување на средствата за финансирање на здруженија и фондации преку процентуално издвојување согласно остварените приходи на централно и на локално ниво, од причина што вкупните приходи претставуваат збир од даночни приходи, придонеси, неданочни приходи, приходи од сопствени сметки, капитални приходи и донации, односно задолжителни плаќања кои се утврдени со закон, приливи кои произлегуваат од сопственост на средства, како и неповратни средства добиени од влади на други држави или меѓународни организации, како и од домашни или странски правни или физички лица кои се користат согласно со условите и намените договорени со донаторот и се распределуваат наменски по буџетски корисници за финансирање на конкретни проекти во нивна надлежност. Од тие причини, Министерството за финансии предлага потребните средства за финансирање на здруженија и фондации да се утврдуваат за тековната фискална година согласно буџетските можности.

Со цел воспоставување транспарентен и доверлив модел за државно финансирање на граѓанските организации, на иницијатива на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, формирана е Работна група за реформа на

[9] Според Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година („Службен весник на РСМ" бр.282/22) во 2022 година реализирани расходи на Централниот буџет, ставка 463 Трансфери до невладини организации за граѓански организации се 316.975.000 денари (од вкупно 662.975.000 денари на оваа ставка се одземени средствата на Министерството за правда за финансирање на политички партии, 356.000.000 денари), а според Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година („Службен весник на РСМ" бр.287/21) расходите на Централниот буџет за 2021 година на оваа ставка за граѓански организации се 259.930.000 денари (од вкупно 460.930.000 денари се одземени средствата на Министерството за правда за финансирање на политички партии, 219.000.000 денари)

системот на државно финансирање на граѓанските организации, составена од претставници на Генералниот секретаријат на Владата, Министерството за финансии, Министерството за правда, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство, Секретаријатот за европски прашања, Агенцијата за млади и спорт, Црвениот крст на РСМ и претставници на граѓански организации. Во соработка со проектот „Техничка поддршка за унапредување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија", работната група подготви предлог-одредби на две глави од Законот за здруженија и фондации: Државна поддршка на организациите и Фонд за поддршка и развој на граѓанското општество, што се разгледани и прифатени од Работната група на Министерството за правда за изработка на Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за здруженија и фондации, на 2.12.2022 година.

**Приоритетна област 2: Демократизација, активно учество на граѓанскиот сектор во општествените процеси, во креирањето и следењето на политиките, со посебен фокус на процесот на интеграција во Европската Унија**

Во втората приоритетна област содржана е 31 активност, од кои 22 се предвидени за 2022 година: 4 активности (18,2%) се реализирани, 6 се во тек (27,3%), а 12 активности (54,5%) доцнат со реализација.




**Стратешка цел 5: Зголемување на вклученоста на граѓанските организации во процесот на креирање, спроведување, следење и оценување на политиките**

Оперативна цел 9: Унапредување на процесот на консултации и учество на граѓанските организации во креирањето јавни политики

Според Индексот на одржливост на граѓанското општество за Северна Македонија застапувањето на граѓанските организации во 2021 година не претрпе промена во однос на 2020 година (3,2). На предлог на Генералниот секретаријат, Владата на седницата одржана на 18.10.2022 година разгледа Извештај за процесот на консултации при подготовка на предлог-закони, користење на ЕНЕР и други механизми за соработка со граѓанските организации во 2021 година[10]. Извештајот е подготвен врз основа на анализа на податоците на ЕНЕР и одговорите на Прашалникот за механизмите на консултација со граѓанските организации при подготовка на предлог-законите и други акти во 2021 година, дистрибуиран до министерствата преку членовите на Мрежата на државни службеници за соработка со граѓанското општество. Од вкупно 46 работни групи формирани од страна на ресорните

10 https://www.nvosorabotka.gov.mk/sites/default/files/banner/Izveshtaj%20konsultacii%20so%20GO%202021%2021.9.22.pdf

министерства за подготовка на предлози на закони, за 16 предлози на закони или во 35% од формираните работни групи биле вклучени претставници на граѓански организации. Според одговорите на Прашалникот, 57,1 % од министерствата сметаат дека учеството на граѓанските организации во креирањето политики е задоволително, 14,3% сметаат дека учеството било суштинско, 14,3% од министерствата оцениле дека е недоволно, а 14,3 % не се изјасниле по ова прашање.

Оперативна цел 10: Ефективни консултации со засегнатите страни во процесот на проценка на влијанието на регулативата

Согласно Годишниот извештај за спроведување на процесот на проценка на влијанието на регулативата во 2021 година[11], од вкупниот број на предлози на закони кои подлежат на ПВР и биле утврдени од Владата во 2021 година (111), 18% содржат Извештај за ПВР за кој е запазена постапката за консултации на ЕНЕР, 41 предлог – закон или 36.94% биле објавен на ЕНЕР, а за 20 предлог закони или 18% е почитуван рокот за консултации од 20 дена до доставување на барање за мислење од Министерството за информатичко општество и администрација (согласно Методологијата за ПВР). Од 41 предлог на закон објавен на ЕНЕР, за 22 предлози на закони (53,7%) се доставени вкупно 369 коментари од засегнати страни, од кои 245 коментари (66.4%) се однесуваат на еден предлог-закон (Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри) . Од преостанатите 124 коментари, 17 (13,7%) се доставени од страна на граѓански организации за 10 предлози на закони.

**Стратешка цел 6: Зајакнување на партнерството во процесите поврзани со европската интеграција**

Оперативни цели 11 и 12: Вклучување на граѓанските организации во процесот на преговори со Европската унија и Унапредување на моделот за избор на претставници од граѓанското општество во секторските работни групи

Со одржувањето на Меѓувладината конференција меѓу Северна Македонија и Европската Унија на 18.7.2022 година и формалниот почеток на пристапните преговори се интензивираа консултациите со претставниците на граѓанскиот сектор со цел да се дефинираат модалитетите за нивно вклучување во овој процес. Со Одлуката за воспоставување на структурата за преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија[12] се предвидува можност за учество на граѓанските организации во работните групи за подготовка за преговарачките позиции (член 15 став 4 и член 16). Во насока на обезбедување на транспарентност и инклузивност на процесот, Секретаријатот за европски прашања ги покани граѓанските организации да ги следат објаснувачките состаноци. Исто така беше ангажиран меѓународен експерт кој подготви компаративна анализа на моделите на учество на граѓанскиот сектор во пристапните преговори кај земјите од регионот (Албанија, Црна Гора и Србија) и

[11] https://mioa.gov.mk/?q=mk/node/1484
[12] „Службен весник на РСМ" бр.200/22

предлози за можните модалитети во земјата кои ќе се користат како основа за консултација со граѓанските организации. На 28.11.2022 година, Секретаријатот за европски прашања објави Јавен повик за пријавување на заинтересирани граѓански организации за создавање на регистар/база на граѓански организации за консултации за процесот на преговори за пристапување на Република Северна Македонија кон Европската Унија[13], а до 10.1.2023 година регистрирани се околу 180 граѓански организации.

## Оперативна цел 13: Поддршка за зголемување на опфатот на дигиталната трансформација на граѓанските организации

Во 2022 година не се преземени активности од оваа оперативна цел. Според анкетата за мерење на вредноста на индикаторите од Акцискиот план на Стратегијата, 61,8% од граѓанските организации во 2022 година применувале дигитални алатки за истражување, овозможување услуги и/или административни процедури.

## Оперативна цел 14: Развој на систем за следење на околината во која се развива граѓанското општество

Активностите во оваа оперативна цел се планирани за 2023 и 2024 година.

## Оперативна цел 15: Воспоставување превентивен механизам против говор на омраза

Активностите од оваа оперативна цел се реализирани, односно воспоставен е сеопфатен едукативен превентивен механизам против говор на омраза. Со поддршка на Македонскиот центар за граѓанско образование (МЦГО) беше развиен нов Концепт за граѓанско образование во основно образование кој е одобрен од Бирото за развој на образованието и усвоен од Министерството за образование и наука како водечки документ за поттикнување на граѓанска култура. Врз основа на Концептот ревидирани се наставните програми за граѓанско образование за осмо и деветто одделение, како и наставната програма за прва година средно стручно образование. Новите наставни програми се применуваат во сите основни и средни стручни училишта. Заедно со ревидираната наставна програма, развиени се и материјали за предавање и учење, а повеќе од 450 наставници се обучени да предаваат согласно новите наставни програми. Со цел зајакнување на демократската клима, повеќе од 420 училишта спроведоа младински иницијативи, волонтерски активности и активности за граѓанско учество и ги промовираа за време на отворените денови за граѓанско образование. Врз основа на ова, изработена е публикација со добри практики за ученички иницијативи која е одобрена од Бирото за развој на образованието и служи како насока за училиштата во процесот на организирање на ефективни ученички иницијативи.

На веб сајтот на Министерството за внатрешни работи поставена е апликација "Црвено копче-Red button" наменета за пријавување какви било сознанија или информации за злоупотреба на деца, криминал од омраза и повикување на насилство,

[13] https://www.sep.gov.mk/post/?id=13292#.Y-9KNnbMKUk

како и трговија со луѓе.  Во 2022 година спроведени се 40 кампањи за превенирање на говор на омраза. На подрачје на СВР Скопје од страна на инспекторот за превенција во ПО Шуто Оризари одржани се вкупно пет едукативни работилници во средното училиште Шаип Јусуф во Шуто Оризари. На подрачје на СВР Куманово одржани се вкупно 35 едукативни работилници во средните и основни училишта и тоа: 17 на подрачје на ПС Куманово, десет на подрачје на ОВР Крива Паланка, пет на подрачје на ОВР Кратово и три на подрачје на ПО Ранковце. Спроведени се превентивни активности „Стоп за говорот на омраза“ во СВР Охрид и СВР Тетово. Исто така, со поддршка на ОБСЕ спроведени се 4 обуки за вработени во Министерството за внатрешни работи во делот на говор на омраза и криминалитет од омраза и тоа: две заеднички обуки за полициски службеници и јавни обвинители за постапување во врска со делата сторени од предрасуди/омраза (по два инспектори од криминалистичка полиција од сите осум Сектори за внатрешни работи) и две обуки за 40 полициски службеници (по 20 од СВР Скопје и СВР Куманово) на тема превенција на говор од омраза и родови стереотипи кај младите.

**Стратешка цел 7: Унапредување на правната рамка за правото на мирно собирање и непосредно учество на граѓаните во одлучувањето**

Оперативна цел 16: Обезбедување правна рамка за правото на мирно собирање во согласност со меѓународните стандарди и нејзина ефективна имплементација

Во 2022 година од вкупно 434 јавни собири, 348 биле најавени, а 86 ненајавени (19,8%). Споредено со 2019 година, кога 515 јавни собири биле најавени, а 298 ненајавени, забележан е пад од 38,1% на бројот на ненајавени јавни собири. Од страна на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди на Министерството за внатрешни работи во 2022 година поднесени се 4 кривични пријави против полициски службеници за употреба на прекумерна сила. Планираните активности за ревидирање на постојната, односно донесување на нова законска и подзаконска регулатива во рамки на предметната област не се започнати.

Оперативна цел 17: Унапредување на законската рамка која се однесува на непосредно учество на граѓаните во одлучувањето

Активностите во оваа оперативна цел се планирани за 2024 година.

## Приоритетна област 3: Граѓанскиот сектор како чинител во социјално-економскиот развој

Во третата приоритетна област содржани се 23 активности, од кои 15 се планирани за 2022 година: 5 активности (33,3%) се реализирани, 4 активности (26,7%) се во тек, а 6 активности (40%) доцнат со реализација.




**Стратешка цел 8: Развој на социјално претприемништво**

<u>Оперативна цел 18: Создавање на поттикнувачко правно окружување за социјално претприемништво</u>

Според Индексот на одржливост на граѓанското општество за Северна Македонија за 2021, давањето услуги од страна на граѓанскиот сектор не претрпе значителни промени во однос на 2020 (3,4). Во насока на развој на социјално претприемништво, преку работна група формирана од Министерство за труд и социјална политика со техничка поддршка на проектот „Поддршка на социјалните претпријатија" финансиран од ЕУ се работеше на утврдување на предлог правна рамка за социјалното претприемништво (Закон за социјални претпријатија), дефинирање на протокол и процедури за регулирање на основањето, работењето и поддршката на социјалните претпријатија, како и воспоставување на систем за следење на работата на социјалните претпријатија и проценка на ефектите од мерките и структурите за поддршка на социјалните претпријатија. Во наредниот период се планира утврдување на нацрт текстот на Законот од страна на Работна група составена од претставници на надлежните институции и на граѓанските организации, по што ќе следат сеопфатни јавни консултации. Според Програмата за работа на Владата за 2023 година, утврдувањето на Законот од страна на Владата е планирано во февруари 2023 година.

<u>Оперативна цел 19: Промоција, градење на капацитетите и обезбедување финансиска помош за граѓанските организации за развој на социјално претприемништво</u>

Во рамките на проектот „Поддршка на социјални претпријатија", финансиран од ЕУ, во периодот февруари-март 2022 година, беше спроведена обука и 10 часа бесплатно менторство за потенцијални и веќе постоечки социјални претпријатија, односно на граѓански организации, социјални претпријатија и претпријатија со социјална мисија. Преку јавен повик објавен во јануари 2022 година беа избрани 20 ментори од различни деловни области, кои се внесени во базата на податоци на Центарот за социјални претпријатија и регионални центри за поддршка. Во текот на февруари 2022 година продолжија активностите за промоција на регионално ниво на иницијативи за социјално претприемништво, а во септември 2022 година во Скопје се одржа Саем на граѓански организации и социјални претпријатија.

**Стратешка цел 9: Препознавање на спецификите на граѓанските организации како работодавач**

<u>Оперативна цел 20: Препознавање на спецификите на граѓанските организации како работодавач во правната регулатива, оперативните програми и социјалниот дијалог</u>

Според анкетата за мерење на вредноста на индикаторите од Акцискиот план на Стратегијата, 20 граѓански организации од вкупно 296 анкетирани, во 2022 година биле корисници на активни програми и мерки за вработување. Во Оперативниот план за активни програми и мерки и услуги на пазарот на труд за 2022 година, програма „Економија на грижа", беше содржана мерка „Обука и вработување на лица за обезбедување услуги за грижа во заедницата", со која се обезбеди вклучување на невработени лица заради стекнување на знаења, вештини и компетенции за обезбедување на услуги на грижа во заедницата и можност за работно ангажирање и вработување како формални даватели на услуги во областа на економијата за грижа, согласно потребите на граѓаните на локално ниво. Со оваа програма, се поддржува и отворање на нови работни места преку основање на нови деловни субјекти (даватели на услуги) или поддршка на веќе постојни претпријатија и граѓански организации. Од планирани 150 лица за опфат, беше реализирано вклучување на 147 лица (98%). Имплементацијата беше поддржана од Швајцарската агенција за развој и за соработка (СДЦ) и од Проектот за Креирање можности за работа за сите (УНДП). Особено е значајно да се одбележи и учеството на граѓанските организации во имплементацијата на Програмата „Гаранција за млади", чиј втор столб "Теренски активности" се имплементира од страна на младински чадор организации. Целта на активностите е да ги анимираат НЕЕТ младите (млади лица до 29 години кои не се во процес на образование, обука и не се евидентирани во АВРМ) да се информираат за можностите и да се охрабрат да се пријават во Агенцијата за вработување, со цел нивно вклучување во понатамошни активности (давање на услуги, вклучување во активни мерки за вработување). Соработката со граѓанските организации и нивното активно учество во имплементацијата на програмата „Гаранцијата за млади" ќе продолжи и во наредниот период, сè до 2026 година.

**Стратешка цел 10: Промовирање и развој на волонтерството**

<u>Оперативни цели 21 и 22: Подобрување на правната рамка за промовирање и развој на волонтерството; Поттикнување на волонтерски активности и финансиска поддршка за граѓанските организации кои го промовираат волонтерството</u>

Според анкетата за мерење на вредноста на индикаторите од Акцискиот план на Стратегијата, 61% од граѓанските организации имаат ангажирано волонтери (од нив 55% ангажирале до 5 волонтери, 17% ангажирале од 6 до 10 волонтери а по 14% ангажирале од 11 до 20 волонтери, односно повеќе од 20 волонтери). Во насока на подобрување на правната рамка за промовирање и развој на волонтерството, Министерството за труд и социјална политика спроведе консултативен процес со надлежните институции и граѓанските организации и до Владата достави предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за волонтерството. Сепак, по интензивни усогласувања со надлежните институции (Министерство за финансии и Секретаријат за законодавство)

на 7.12.2022 година предлогот на закон беше повлечен од владина процедура, за доработка.

**Стратешка цел 11: Поттикнување на граѓаните и деловниот сектор за поддршка и придонес за развој на граѓанското општество**

Оперативни цели 23 и 24: Унапредување на правната рамка за донации и спонзорства во јавните дејности за олеснување на донирањето кон граѓанските организации; Поттикнување на соработката на граѓанските организации со бизнис секторот и промовирање на филантропијата

Според анкетата за мерење на вредноста на индикаторите од Акцискиот план на Стратегијата, 36,5% од граѓанските организации во 2022 година имаат добиено донација од граѓани или од деловниот сектор, од кои 75% претставуваат донации во вид на парични средства, а 25% донации во вид на материјални добра.

На 16.03.2022 година беше формирана Работна група за изработка на Закон за изменување и дополнување на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, составена од претставници на Министерството за правда, Министерството за образование и наука, Министерството за економија, Генералниот секретаријат на Владата, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за култура, Министерството за финансии, Управата за јавни приходи, Министерството за локална самоуправа, Министерството за животна средина и просторно планирање и претставници на граѓански организации. Во периодот 11.04 -10.05.2022 година на веб страниците www.pravda.gov.mk и www.nvosorabotka.gov.mk беше објавен Повик до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на измените на Законот, а доставените иницијативи беа разгледани од страна на работната група. На 20.07.2022 година Министерството за правда организираше состанок со претставници на Здружението Конект, Министерството за финансии и Управата за јавни приходи. Постапката за подготовка на измените на законот ќе продолжи во 2023 година.

**Стратешка цел 12: Зголемување на учеството на граѓанските организации за обезбедување услуги за потребите на заедницата**

Оперативни цели 25 и 26: Развој на граѓанското општество на локално ниво и јакнење на соработката со граѓанските организации на локално ниво; Подобрување на условите, вклучително и капацитетите на граѓанските организации за обезбедување услуги на национално и локално ниво, со еквивалентен квалитет како и останатите даватели на услуги

Според анкетата за мерење на вредноста на индикаторите од Акцискиот план на Стратегијата, 97,3% од граѓанските организации се заинтересирани и обезбедуваат услуги за потребите на заедницата на локално ниво.

Во рамките на Програмата за зајакнување на локалната демократија, фаза 1 и 2, 11 општини (Куманово, Гостивар, Струмица, Кавадарци, Ресен, Битола, Гевгелија, Охрид, Кочани, Крива Паланка и Велес) или 13,6% од општините имаат усвоено Методологија за јавна, транспарентна и отчетна распределба на средства од општинските буџети во

корист на граѓанските организации. Организирани се 5 обуки за 429 граѓански организации со 582 учесници и 2 обуки за 13 општини со 55 учесници. 75 граѓански организации се корисници на средства, согласно утврдената методологија и се реализирани вкупно 68 проекти.

Во насока на развивање на мрежа на социјални услуги во локалната заедница и вклученост на граѓанските организации како даватели на социјални услуги, врз основа на јавен конкурс за доделување средства за здруженија и приватни даватели на социјални услуги, Министерството за труд и социјална политика во 2022 година има склучено 9 управни договори.

## 4. Осврт на околностите и ризиците кои настанале во текот на 2022 година и препораки како да се намалат ризиците во 2023 година

### 4.1. Нефункционален Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, поради бојкот на членовите од редот на граѓанските организации

Спроведување на Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество 2022-2024 во голема мера е условено од континуирано работење на независен, репрезентативен, оперативен и ефективен Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество. Од 28 активности предвидени Акцискиот план што доцнат со спроведување во 2022 година, Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество е носител на 9 (32%) активности, а 10 (35,7%) активности се планирани да се реализираат во соработка со Советот. Што се однесува до активностите во тек (21), Советот е носител на 2 (9,5%) активности, односно 4 (19%) активности се планирани да се спроведат во соработка со Советот.

Во изминативе години, Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество значително придонесе кон зголемување на транспарентноста на постапката и објективноста при распределбата на средствата предвидени во Буџетот на Владата на Република Северна Македонија наменети за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации. Поради одлуката на Владата да го запре процесот на донесување на Предлог-програмата за финансирање на програмски активности на здруженијата и фондациите за 2022 година, предложена од Генералниот секретаријат и поддржана од Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество и средствата за оваа намена да ги пренамени во буџетот на Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, членовите на Советот од редот на граѓанските организации одлучија да ја бојкотираат работата на ова советодавно тело, за што ја информираа јавноста преку прес-конференција на 24.3.2022 година.

Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество е советодавно тело на Владата на Република Северна Македонија за унапредување на соработката, дијалогот и поттикнување на развојот на граѓанскиот општество, а од неговото формирање во март 2018 година претставува највисоко ниво на учество на граѓанските

организации во процесот на креирање политики - партнерство меѓу Владата и граѓанските организации.

По донесување на Одлуката за критериумите и начинот на распределба и користење на средства за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија[14] и Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2022 година[15], на предлог на Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, Советот одржа итна седница на 6.10.2022 година и достави писмено барање до претседателот на Владата, првиот заменик на претседателот на Владата и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, заменикот на претседателот на Владата за европски прашања, министерот за финансии, генералниот секретар на Владата и секретарот на Секретаријатот за законодавство, со покана да учествуваат на јавна седница на Советот со цел отворена дебата за овие прашања и предизвици.

За надминување на предизвиците и повторно воспоставување на дијалог и соработка меѓу Владата и граѓанското општество, членовите на Советот од граѓанските организации, на 30.1.2023 година доставија уште едно писмено барање за средба со претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

Средбите сѐ уште не се одржани.

Во соработка со Граѓанскиот ресурсен центар, во периодот 14-16.3.2023 година, во Гостивар, Скопје и Штип, се одржаа три консултативни средби за Нацрт-Извештајот за напредокот во спроведувањето на Акцискиот план за спроведување на Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество 2022 – 2024 и постигнување на стратешките и оперативните цели во 2022 година, со учество на повеќе од 70 претставници на граѓански организации. Поголем дел од учесниците на консултативните средби во Гостивар и Штип немаа информации за постоење на Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, но оценија дека е важно нивните ставови да бидат застапувани во советодавно тело на Владата кое ќе влијание во креирање на политиките за развој на граѓанското општество.

### 4.2. Отсуство на поддршка од Министерството за финансии на планираната реформа на системот на државно финансирање на граѓанските организации

Спроведувањето на планираните активности за унапредување на даночната рамка од аспект на данокот на додадена вредност, според Министерството за финансии е неприфатливо и спротивно со директивите на Европската Унија. Според Министерството, зголемувањето на листата на добра кои би се ослободиле од ДДВ ќе ја наруши неутралноста на овој данок, ќе направи притисок врз зголемување на висината на општата стапка на ДДВ и ќе предизвика негативни фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија. Министерството е на мнение дека истото негативно ќе се одрази во оценката на состојбите во рамките на поглавјето кое се

[14] „Службен весник на РСМ“ бр. 210/22
[15] „Службен весник на РСМ“ бр. 217/22

однесува на оданочувањето (Поглавје 16) во извештајот на Република Северна Македонија како земја кандидат за членство во Европската Унија.

Министерството за финансии има негативно мислење и за зголемувањето на уделот на државно финансирање (од централниот буџет и од буџетите на единиците на локална самоуправа) од 30% во вкупните приходи на граѓанските организации до 2024 година, како и за формирањето на независен Фонд за поддршка и развој на граѓанското општество. Имајќи предвид дека формирање на нови институции/фонд предизвикува фискални импликации по Буџетот на Република Северна Македонија, Министерството за финансии предлага потребните средства за финансирање на граѓанските организации да се утврдуваат за тековната фискална година согласно буџетските можности и активностите да се вршат во рамките на постоечките ресурси на надлежните институции.

Унапредувањето на системот на државно финансирање на граѓанските организации и воспоставувањето на даночна рамка којашто одговара на спецификите на работењето на граѓанските организации претставуваа темелни стратешки цели на Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество 2022-2024. Со цел надминување на моменталната состојба и донесување на политики базирани на докази, во соработка со проектот „Техничка поддршка за унапредување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија“ во 2023 година ќе бидат подготвени неколку анализи поврзани со даночниот третман на граѓанските организации, економски активности и сметководство на непрофитните организации, како и анализа на финансиската поддршка на здруженијата и фондациите од Буџетот на Република Северна Македонија во 2022 година.

## 5. Прилог: Табеларен преглед со оценка на степенот на спроведување на оперативните цели и активностите од Акцискиот план на Стратегијата